**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-118/2**
**Скопје, 23.01.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ШУТО ОРИЗАРИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Шуто Оризари за 2004 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Шуто Оризари за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ердуан Исени, Градоначалник на општина Шуто Оризари за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 07.11. до 18.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Катерина Чалоска - Помлад ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Општина Шуто Оризари во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението на Влада на РМ бр. 23-257/121 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбен биланс помеѓу РМ и новоформираните општини, спротивно на Законот за сметководството на буџетот и буџетските корисници. Исто така, од Републичката геодетска управа, нема обезбедено имотни листи за имотот со кој раполага. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2004 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.

**Препорака:**

На основа решението и имотните листи кои треба да ги обезбеди од републичката геодетска управа, надлежното одделение да изврши евидентирање на материјалните средства кои се сопственост на општина Шуто Оризари.

**10.2.Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Не е пресметана амортизација на градежните објекти. Таквата појава е присутна во целиот период на постоење на општината. Истото не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. За делот на стамбените и сервисните улици причина за не пресметување на амортизацијата е немањето податок за вредноста на горниот слој на истите кој е предмет на амортизација, а за другите градежни објекти посебна причина од страна на надлежните не е истакната, поради што како причина се јавува не применета на претходно споменатите законски прописи. Поради тоа искажаната вредност на градежните објекти на 31.12.2004 година не ја претставува реалната состојба на истите.

**Препорака:**
Во врска со пресметувањето на амортизацијата во целост да се применуваат одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници.

10.2.2. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и резервни делови нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што е во спротивност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Тоа се јавува поради не примена на претходно споменатиот пропис. Општината нема организиран простор (магацин) за прием на залихите. Неевидентирањето на приемот и издавањето на истите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење на истите.
**Препорака:**
Набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:

а) ќе се утврди потребата за набавка;
б) ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
в) ќе се обезбеди простор за прием на залихите;
г) ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатници/требовање.

10.2.3. Општината Шуто Оризари има и располага со материјални средства како што се улици, патишта и други објекти од кои дел се евидентирани, а дел не се евидентирани во книговодството на општината на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, по основ на вложување во овие објекти кое значи тампонирање и асфалтирање има направено расходи во вкупен износ од 3.872 илјади денари кои не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Нереалното искажување на материјалните средства не дава права слика за состојбата на средствата и изворите на истите.
**Препорака:**
Да се преземат мерки и активности да се изврши соодветно разграничување и евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

10.2.4. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што е спротивно со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект, соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.
**Препорака:**
Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

10.2.5. Поради погрешна сметководствена евиденција и непочитување на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите,

ревизијата утврди нереално искажување на расходите на пооделни ставки во Билансот на приходи и расходи. Ставката Тековно одржување е преценета за износ од 720 илјади денари и за истиот износ е потценета ставката Изградба, реновирање и унапредување.

**Препорака:**

Доследна примена на Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетите.

10.2.6. Присутно е непочитување на одредбите од Законот за буџетите, поточно членот 36 и невраќање на вишокот на приходи од сметката на Органот на сметката на Буџетот, со што се придонесува вишокот на приходи да е преценет кај Органот и паричните средства, за сметка на што се потценети приходите и вишокот на приходи над расходите кај сметката на Буџетот. Истото се должи на една усталена пракса без да се почитуваат законските одредби, и придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што со воведувањето на трезорското работење овие состојби ќе се надминат.

### 10.3.Неправилности во искажувањето на расходите и приходите

10.3.1. Ставката Плати и надоместоци, е преценета за износ од 546 илјади денари и за истиот износ е потценет вишокот на приходи, поради тоа што се направени расходи по основ исплата на месечни паушали – надоместоци на градоначалникот, секретарот и советниците, за кои според Законот за локална самоуправа нема законски основ како и е спротивно на Законот за исплата на плати на пратениците и другите бирани и именувани лица во Република Македонија.

**Препорака:**

Исплатата на надоместоците да се врши согласно одредбите од Законот за локална самоуправа.

### 10.4.Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата

10.4.1. Позицијата Материјални средства и Извори на капитални средствата е потценета за износ од 3.872 илјади денари за направените капитални расходи во 2004 година за извршено тампонирање, асфалтирање на патишта и улици во општина Шуто Оризари, кои се искажани како расходи во Билансот на приходи и расходи, а истовремено не се евидентирани и како зголемување на состојбата на материјалните средства и зголемување на вредноста на Државниот – јавен капитал. Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, за истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно разграничување и да спроведе книжење со кое ќе искаже зголемување на вредноста на материјалните средства и зголемување на Државниот-јавен капитал.

**Препорака:**

Расходите за капитални средства кои имаат влијание на состојбата на материјалните средства во смисла на подобрување на квалитетот, векот на употреба, габаритот и слично истовремено да се евидентираат и како зголемување на истите и зголемување на состојбата на деловниот фонд.

**10.5.Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.5.1. Поради неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки поточно спротивно на член 72 од истиот Закон, извршени се набавки од мала вредност без спроведување на постапка согласно Правилникот за набавки од мала вредност, во вкупен износ од 661 илјада денари (Прилог бр. 1). Неприменувањето на Законот за јавни набавки ја елиминира конкуренцијата, доведува до набавки по зголемени цени и фаворизирање на поедини субјекти.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите за износ од 546 илјади денари и потценување на вишокот на приходите за истиот износ, во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во износ од 3.872 илјади денари.

12. Според наше мислење, освен наодите од точките 10.3. и 10.4., финансиските извештаи на Органот на општина Шуто Оризари ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај општина Шуто Оризари е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Шуто Оризари за 2000 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точката 10.1. и 10.5. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 19.01. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОРГАН НА ЕЛС ШУТО ОРИЗАРИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 2 |
| Трансфери и донации | 3.3.1. | 14,397 | 8,851 |
| **Вкупно приходи** | | **14,397** | **8,853** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.1.** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 3,662 | 3,745 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 5,274 | 3,272 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 402 | 438 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **9,338** | **7,455** |
| **Капитални расходи** | **3.2.** | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 5,052 | 1,390 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **5,052** | **1,390** |
| **Вкупно расходи** | | **14,390** | **8,845** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **7** | **8** |

**ОРГАН НА ЕЛС ШУТО ОРИЗАРИ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7 | 8 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 2,689 | 2,779 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,696** | **2,787** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 35 | 513 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 14,050 | 7,912 |
| **Вкупно постојани средства** | | **14,085** | **8,425** |
| **Вкупна актива** | | **16,781** | **11,212** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2,689 | 2,780 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.1. | 0 | 1 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 7 | 8 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,696** | **2,789** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.2. | 14,085 | 8,423 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **14,085** | **8,423** |
| **Вкупна пасива** | | **16,781** | **11,212** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **8,423** | **-** | **8,423** |
| **Зголемување по основ на:** | **6,053** | **-** | **6,053** |
| Набавки | | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 6,053 | | 6,053 |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **391** | **-** | **391** |
| Отпис на капитални средства | - | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 391 | | 391 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **14,085** | **-** | **14,085** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**ПРИЛОГ БРОЈ 1**

| Опис на набавка | Добавувач | Износ (000) | Вид на неправилност |
|---|---|---|---|
| Расчистување на депонија | ЗАП Комерц Скопје | 130 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Расчистување на депонија | Електро-Мак Скопје | 141 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Расчистување на депонија | Симон Скопје | 151 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Разни материјали (флаери,беџови, визит карти, календари и др.) | Продизајн Скопје | 64 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Знамиња | Унипрес Скопје | 43 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Мобилни телефони | Шантал Скопје | 15 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Пехари и тренерки | Емилијано Скопје | 18 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| Собирање и расчистување на градежно- метален отпад | Декатам Трејд Скопје | 99 | Не е спрведена постапка за јавна набавка |
| ***ВКУПНО:*** | | **661** | |